

# БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ СО CANON eMAINTENANCE

eMaintenance од Canon се грижи за управувањето и одржувањето на сите ваши повеќефункционални уреди и уреди со една функција од Canon поврзани во мрежа, а притоа почитува строги безбедносни протоколи.



# ДЕЛ 1: ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

**Овој документ има за цел да ги одговори главните безбедносни прашања кои може да ги имате во врска со eMaintenance. За повеќе информации за безбедноста вградена во eMaintenance, контактирајте со локалниот претставник на Canon.**

## Кој ги поседува моите податоци?

Вие ги поседувате вашите податоци во секој случај. Canon претставува само обработувач на податоците од eMaintenance на потрошувачите.

## Кој може да пристапи до моите податоци?

**Canon обезбедува слоевит пристап до регулирањето на пристапот до податоците, вклучувајќи и:**

- **Контрола на физички пристап** – само овластени лица смеат физички да пристапат до зградите или собите каде што се складираат личните податоци.
- **Контрола на пристап до систем** – до системите кои обработуваат лични податоци може да се пристапи само со овластување врз основа на кориснички улоги и поврзани дозволи.
- **Контрола на пристап до податоци** – лицата кои имаат овластување да користат системи за обработување на податоци добиваат пристап само до личните податоци до кои имаат право да пристапат.
- **Контрола на пренос на податоци** – освен ако е потребно за обезбедување услуги во согласност со релевантниот договор, личните податоци не смеат да се читаат, копираат, менуваат или отстрануваат без овластување за време на преносот.
- **Контрола на внесување податоци** – Canon воспоставува мерки поради кои е можно ретроспективно испитување и утврдување на тоа дали и од чија страна се внесени, изменети или отстранети лични податоци од системите за обработување на податоци на Canon.
- **Контрола на работно место** – сите вработени во Canon и подобработувачи со кои имаме склучено договор или други даватели на услуги се обврзани со договор да ја почитуваат доверливоста на чувствителните податоци.
- **Контрола на одвојување на податоци** – личните податоци се складираат и до нив може да се пристапи само од поединечниот клиент eMaintenance на секој потрошувач.

**Пристапот до податоците се контролира со следниве мерки:**

- Како дел од Политиката за безбедност на Canon, личните податоци го изискуваат најмалку истото ниво на заштита како и „доверливите“ податоци.
- Пристапот до личните податоци се дава на основа на потреба за знаење. Персоналот има пристап до податоците кои им се потребни за да ги исполнат своите должности.
- Мерките за безбедност кои ги штитат апликациите кои ги обработуваат личните податоци редовно се проверуваат. За да се постигне тоа, Canon спроведува внатрешни и надворешни проверки на безбедност и тестови за пробивање на IT-системи.
- За време на обработувањето, користењето и складирањето, личните податоци не смеат да се читаат, копираат, менуваат или отстрануваат.

## Дали моите податоци се шифрирани?

Податоците складирани во услугата AWS Cloud се шифрирани.

Кога се пренесуваат податоци меѓу Canon и потрошувачите, ова секогаш се извршува преку протоколи за транспорт со безбедно шифрирање.

Личните податоци кои може да се складираат кога се користи изборната услуга за правење резервни копии од податоците или услуга за поддршка при инсталирање, како податоци од адресар, се шифрира со AES-256.

## Како моите податоци се одвојуваат од податоците на другите потрошувачи?

Личните податоци се обработуваат со следниве контроли за одвојување:

Canon користи соодветни технички контроли за да се постигне логично одвојување на податоците на потрошувачите.

Кога е применливо, повеќеслојна структура во вид на дрво гарантира дека клиентот на родител има пристап до клиентот на дете, но децата не можат да пристапат до други клиенти на исто или повисоко ниво (како клиентите на родителите).



## Кои податоци ги собира eMaintenance?

Повеќето од податоците кои eMaintenance ги собира се нелични податоци од уред, како потрошувачот, името на уредот, серискиот број, локацијата, IP-адресата, статусот и пораките.

eMaintenance не ги собира следниве податоци: податоци поврзани со ракувањето од страна на корисникот, како корисничкото име*, датумот/времето, името на документот, содржините на задачата (податоци од слики/печатење) за КОПИРАЊЕ, ПЕЧАТЕЊЕ, СКЕНИРАЊЕ и ИСПРАЌАЊЕ.

## Дали Canon ја ревидира безбедноста на Cloud?

Canon извршува различни ревизии како индикатори на статусот на имплементација на безбедноста на податоците на услугите на Cloud кои ги обезбедува за да се увери дека Canon и нејзините потрошувачи може да ги користат услугите со сигурност.

За да се потврдат мерките за безбедност на eMaintenance, редовно се вршат тестови за пробивање од трета страна.

*При користење на изборната услуга за правење резервни копии од податоци или поддршка за инсталација, може да се соберат лични податоци како корисничко име или адреса за е-пошта ако истите се содржат во адресарот на уредот, но само доколку потрошувачот се согласи.

## Дали инфраструктурата на Cloud на eMaintenance е безбедна?

Услугата eMaintenance се хостира на платформата AWS во Франкфурт, Германија.

## Дали eMaintenance има сертификат во однос на најважните безбедносни стандарди?

Центарот за развој на дигитално печатење на Canon Inc. е сертифициран според меѓународниот стандард ISO/IEC 27001. Добиениот сертификат е поврзан со развојот на услугата за следење од Canon Inc. (вклучувајќи го и eMaintenance Suite) за повеќефункционални уреди (MFD) и печатачи.

Со добивање на ISO/IEC 27001 и ISO/IEC 27017, Canon Inc. може да потврди дека безбедносните процеси се сертифицирани од 3-та страна до меѓународно признаен стандард.

Овој стандард ја изразува посветеноста кон безбедноста на податоците од страна на Canon Inc. во компанијата и во нашите онлајн услуги, со што се нуди:

- **Доверливост**– уверување дека податоците им се достапни само на лицата кои имаат овластен пристап.
- **Интегритет**– штитење на точноста и целосноста на податоците и методите за обработување.
- **Достапност**– гарантирање дека овластените корисници имаат пристап до податоците по потреба.



ISO/IEC 27001 бара редовни ревизии и значи дека функциите за услугата за следење се развиваат и испорачуваат од страна на безбедна и сигурна организација којашто е потврдена со сертификат од трета страна според договорени меѓународни стандарди.

Дел од ISO/IEC 27001 вклучува ISO/IEC 27017, со што се дефинираат дополнителни безбедносни контроли специфично за даватели на услуги на Cloud. Нуди рамка за безбедност на податоци за организации кои користат услуги на Cloud.

Компанијата Canon избра да го почитува овој кодекс на практика за контрола на безбедноста на податоците затоа што ги одржува нивните потрошувачи кои користат услуги на Cloud побезбедни со тоа што обезбедува постојан и сеопфатен пристап кон безбедноста на податоците.

**ЛЕГЕНДА**

**CCA** - Cloud Connection Agent
**CDCA** - Canon Data Collection Agent
**RMT. DIAG. MEAP** - Remote Diagnostics MEAP
**eRDS** - embedded Remote Diagnostic System
**RDMS** - Услуга за далечинска дистрибуција и управување




# ДЕЛ 2: КРИТЕРИУМИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА НА eM

eM користи многу локални агенти и софтверски апликации за да обезбеди комуникација меѓу уредите од Canon и услугата eM. Во зависност од многу фактори како вид на уред, поставување на локална инфраструктура и критериуми за услуги, на секој потрошувач може да му се овозможени еден или повеќе од следниве.

**Опциите се следни:**

## CCA (Cloud Connection Agent)

CCA е најновото средство вградено во уред за eMaintenance кое се извршува внатрешно во уредот, без потреба од инсталирање на посебно средство за собирање податоци на вашата мрежа. Бидејќи може да собира поголем опсег на податоци од уред, поврзување преку CCA е потребно за да уживате во придобивките од најновите (и идните) функции и услуги на eMaintenance, вклучувајќи и предвидлива дијагностика и поправки врз основа на AI. CCA може да се додаде кон постоечки уреди на кои се извршува eRDS.

## CDCA (Canon Data Collection Agent)

Ова е агент инсталиран за eMaintenance преку компјутер. Овој софтвер за следење се инсталира на локален компјутер на мрежата на потрошувачите.

## RMT. DIAG. MEAP (Remote Diagnostics MEAP)

Ова е софтвер вграден во уред за eMaintenance што ја користи платформата MEAP која може да се користи за да се следи главниот уред и други уреди од Canon на мрежата. Идеално за мали мрежи на кои не им треба CDCA-сервер.

## eRDS (embedded Remote Diagnostic Service)

eRDS е постоечки, застарен вграден агент за eMaintenance. Овој софтвер за следење се извршува внатрешно во самиот уред. eRDS испраќа информации за управување со уредите до услугата eMaintenance и може да се постави да прима ажурирања за фирмвер и лиценци за MEAP-апликации.

## RDMS (Услуга за далечинска дистрибуција и управување)

Им овозможува на овластени даватели на услуги од Canon да управуваат со производи и лиценци за MEAP-апликации и IR-опции, како и да ажурираат фирмвер и лиценци за MEAP-апликации.

## Услуга за правење резервни копии од податоци

Оваа изборна услуга прави редовни и закажани резервни копии од поставките складирани на уредот за внатрешна меморија за складирање во шифрирана форма на Cloud. Доколку има дефект на HDD/SSD/контролор, услугата за правење резервни копии од податоци може да ги врати податоците до уредот, со што многу се намалува времето потребно за поправки.

## Потребен мрежен пристап

За eMaintenance да функционира, потрошувачите ќе бидат замолени да дадат пристап до соодветните URL-адреси кои се достапни преку нивната мрежа за уредите од Canon. Прашајте го претставникот од Canon за листа од специфични URL-адреси кои се потребни за вашето опкружување.

# ПОЕДИНЕЧНИ URL-АДРЕСИ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ СО eMAINTENANCE

**Canon препорачува користење џокери при исклучоци во заштитен ѕид, како што се:**
*.srv.ygles.com *.amazonaws.com
*.c-cdsknn.net *.ugwdevice.net

| **CCA** | |
|---|---|
| hbp-ec1l.srv.ygles.com - порта 443 | rgt.srv.ygles.com - порта 443 |
| kinesis.eu-central-1.amazonaws.com - порта 443 | camapi.srv.ygles.com - порта 443 |
| cognito-identity.eu-central-1.amazonaws.com - порта 443 | camapi-ec1.srv.ygles.com - порта 443 |
| a2etju7iem1tgc-ats.iot.eu-central-1.amazonaws.com - порта 443 или порта 8883 | hbpm-ec1l.srv.ygles.com - порта 443 |
| **CDCA v1.XX** | |
| b01.ugwdevice.net | |
| **CDCA v2.XX и понова верзија (стандарден режим)** | **CDCA v2.XX и понова верзија (режим CCA)** |
| rgt.srv.ygles.com | hbp-ec1l.srv.ygles.com |
| hbpm-ec1l.srv.ygles.com | kinesis.eu-central-1.amazonaws.com |
| camapi-ec1.srv.ygles.com | cognito-identity.eu-central-1.amazonaws.com |
| camapis-ec1.srv.ygles.com | a2etju7iem1tgc-ats.iot.eu-central-1.amazonaws.com |
| camapi.srv.ygles.com | rgt.srv.ygles.com |
| camapis.srv.ygles.com | hbpm-ec1l.srv.ygles.com |
| mds-ec1.srv.ygles.com | camapi-ec1.srv.ygles.com |
| gdlp01.c-wss.com | camapis-ec1.srv.ygles.com |
| www-ec1.srv.ygles.com | camapi.srv.ygles.com |
| cam-ec1.srv.ygles.com | camapis.srv.ygles.com |
| | mds-ec1.srv.ygles.com |
| | gdlp01.c-wss.com |
| | www-ec1.srv.ygles.com |
| | cam-ec1.srv.ygles.com |
| **За RMT. DIAG. MEAP (режим CCA v4.0 и понова)** | **За RMT. DIAG. MEAP (режим HTTP)** |
| hbp-ec1l.srv.ygles.com | a01.ugwdevice.net - порта 443 |
| kinesis.eu-central-1.amazonaws.com | b01.ugwdevice.net - порта 443 |
| cognito-identity.eu-central-1.amazonaws.com | |
| a2etju7iem1tgc-ats.iot.eu-central-1.amazonaws.com | |
| rgt.srv.ygles.com | |
| hbpm-ec1l.srv.ygles.com | |
| camapis-ec1.srv.ygles.com | |
| camapis.srv.ygles.com | |
| camapi-ec1.srv.ygles.com | |
| camapi.srv.ygles.com | |
| mds-ec1.srv.ygles.com | |
| **eRDS** | |
| a01.ugwdevice.net - порта 443 | |
| b01.ugwdevice.net - порта 443 | |
| cnvextdata-an1s.srv.ygles.com - Порта 443 е потребна само за далечинско активирање на CCA на постоечки уреди со eRDS | |
| **За RDMS** | |
| device.c-cdsknn.net - порта 443 | a02.c-cdsknn.net - порта 443 |
| device02.c-cdsknn.net - порта 443 | |
| **За услуга за правење резервни копии од податоци** | |
| hbp-ec1l.srv.ygles.com - порта 443 | b01.ugwdevice.net - порта 443 |
| kinesis.eu-central-1.amazonaws.com - порта 443 | cnvextdata-an1s.srv.ygles.com - порта 443 |
| cognito-identity.eu-central-1.amazonaws.com - порта 443 | camapi-ec1.srv.ygles.com - порта 443 |
| a2etju7iem1tgc-ats.iot.eu-central-1.amazonaws.com - порта 443 или порта 8883 | camapis-ec1.srv.ygles.com - порта 443 |
| rgt.srv.ygles.com - порта 443 | camapi.srv.ygles.com - порта 443 |
| hbpm-ec1l.srv.ygles.com - порта 443 | camapis.srv.ygles.com - порта 443 |
| a01.ugwdevice.net - порта 443 | dcf-ec1.srv.ygles.com - порта 443 |

**февруари 2025 година -** V.01

**Canon Inc.**
canon.com

**Canon Europe**
canon-europe.com

**Macedonian edition**
© Canon Europa N.V. 2025 година

**Canon CEE GmbH Predstavništvo Beograd**
Omladinskih brigada 90v
11070 Novi Beograd
Srbija
Tel: +381 11 3533 480
canon.com.mk